*Даниела ДИМИТРОВА*

ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА УНЕСКО Е ОДРЖАНА

## III ИНТЕРНАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА НЕВРОЛОГИЈА И

## II РЕГИОНАЛЕН КОНГРЕС НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА МОЗОКОТ

Под покровителство на УНЕСКО, во периодот од 18-28 април 1997 година во Кејп Таун, Јужна Африка, се одржа III Интернационална SONA конференција и II Регионален IBRO конгрес. Од Република Македонија со свој труд "Ефектот на феталната хипоксија врз невротрансмитерите во мозокот на стаорец" учествуваа проф. д-р Јорданка Димовска и доц. д-р Велимир Стојковски од Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Научната работа на Конференцијата и Конгресот се одвиваше на исклучително високо научно и организациско ниво. Во специјално технички опремени сали-лаборатории, првите два дена беа одржани паралелно три целодневни workshop-a. Претставниците од нашата Република учествуваа на workshop-от "Техники во функционалната, хемиската и молекуларната невроанатомија" организирана од M. Bentivogrio од Италија.

Во следните денови беа организирани четири научни сесии во склопот на кои се одржаа 15 симпозиум и од различни области на неврологијата. На Конгресот со строга селекција беа одбрани за презентација по 10 постери во секоја сесија, односно вкупно 40. Постерот на проф. д-р Јорданка Димовска и доц. д-р Велимир Стојковски кој беше презентиран во првата сесија за невробиологија предизвика голем интерес кај учесниците и добиените резултати беа поставени на посебно организираната постер сесија по презентираните 10 постери од наведената област.

Досегашните резултати и идеите за понатамошниот тек на истражувањето на проблемот предизвика интерес кај видни научници од светот што се занимаваат со неврохемија, по што учесниците од нашата Република добија понуда за конкретна соработка, односно можност за заеднички меѓународни проекти за истражување на проблеми од феталната неврохемија.

ОДРЖАНА Е МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ПОД МОТОТО

## "ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ"

Во организација на Родителската национална организација на Норвешка, од 9-14 мај 1997 година во Осло се одржа Меѓународна конференција на тема "Општество за сите". Во работата беа вклучени околу 60 учесници од централна и источна Европа.

На Конференцијата беа презентирани соопштенија за реформите на згрижувањe на МРЛ во Норвешка, а посебен акцент се стави на улогата на родителите на децата со пречки во менталниот развој, како и проблемите и потребите на овие деца и нивните родители.

Од Република Македонија на Конференција учествуваше г-ѓа Виолета Димовска-секретар на сојузот за помош на МРЛ.

СОВЕТУВАЊЕ ЗА

## ТРЕТМАНОТ НА УМЕРЕНО МЕНТАЛНО РЕТАРДИРАНИ ЛИЦА

На 16 мај 1997 год. во организација на Домот за деца и младинци со пречки во менталниот развој-Сремчица, Белград, СР Југославија се одржа Советување за третманот на умерено ментално ретардираните лица.

Во програмата на ова Советување беа опфатени актуелните прашања за можностите на умерено ментално ретардираните лица во совладувањето на програмските содржини од Планот и програмата за воспитно-образовна работа, како и работното оспособување на умерено ментално ретардираните лица.

На Советувањето учествуваше со свое излагање доц. д-р Ристо Петров од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, Скопје.

ЌЕ СЕ ОДРЖИ X-ТА СВЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ICEVI [1] ПОД МОТОТО

## “ЧЕКОРЕЈЌИ НАПРЕД ЗАЕДНО: СЕМЕЈСТВОТО И СТРУЧЊАЦИТЕ КАКО ПАРТНЕРИ ОВОЗМОЖУВААТ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ”

Од 3-9 август 1997 година во Сао Паоло, Бразил, во организација на ICEVI ќе се одржи 10-та Светска конференција.

На конференцијата ќе се расправа за важноста на заедничкото вклучување на родителите и стручњаци за овозможувањето на квалитетна едукација на лицата со оштетен вид.

Во програмата се предвидени 10 основни актуелни области и тоа:

1. Браева литература;
2. Служба за рана интервенција;
3. Интерграција/целосно вклучување;
4. Слабовидност;

[1] ICEVI (International counsel for education of visual impairment) Интернационален совет за едукација на лицата со оштетен вид

5. Мултипло оштетување;
6. Организација и менаџмент на службите;
7. Вклучување на родителите;
8. Подготовка на личноста;
9. Технологија;
10. Транзиција на работата.

Во концептот на работата на Конференцијата се предвидени секојдневни пленарни сесии, workshop-ови и презентација на постери. За првпат на 10-та Светска конференција на 6 август ќе се одржи т.н. Фокус ден на кој сите учесници ќе можат да учествуваат во работата на секцијата за која имаат посебен интерес.

На конференцијата ќе учествуваат околу 1.000 учесници, стручњаци и родители.

СЕ ПРЕДВИДУВА ОДРЖУВАЊЕ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ НА ТЕМА

## ”ОПШТЕСТВЕНАТА ТРАНЗИЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ”

На 20-21 јуни 1997 година во Претор, Институтот за педагогија и социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, имајќи ги предвид промените во сферата на образованието и воспитанието кај нас, организираат научен симпозиум на тема “Општествената транзиција и образованието” (Критичка опсервација врз современиот развој на воспитанието и образованието во Република Македонија).

Во програмата на Научниот симпозиум се предвидени 3 тематски области, во кои се наведени тезите за расправа, и тоа:

Тематска област 1- Општествените промени во воспитанието и образованието;

Тематска област 2- Промени во воспитно-образовниот систем;

Тематска област 3- Општествено-економските односи во сферата на воспитанието и образованието.

На Научниот симпозиум со свои прилози ќе учествуваат 60 истакнати научни работници (педагози, социолози, психолози, дефектолози, филозофи, економисти, правници и др.) од земјата.